**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Матилда Бабиќ, претседател на советот, Емине Мурати, Петар Аневски, Љубинка Башеска и Нада Прочкова, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот В.С. од С., по одржаната расправа согласно член 25 и 29 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во присуство на нотарот, на ден. 15.11.2019 год., го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Нотарот В.С. од С., **виновна** е за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што на ден 8.02.2019 година, донела решение за издавање на нотарски платен налог под НПН бр.Х/19, со кој го усвојува предлогот на доверителот Снабдување со топлина Б.Е.Д. – С., и покрај тоа што Управителот на доверителот Снабдување со топлина Б.Е.Д.–С., е нејзиниот сопруг М.С. со што нотарот постапила спротивно на член 81 од Законот за нотаријатот и член 64 став (3) од Законот за парничната постапка, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Во предлогот за покренување на дисциплинска постапка доставен до Дисциплинскиот совет од страна на Министерство за правда, УПП бр. 09-259 од 16.09.2019 год.,се укажува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решението сторила дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 21) од Законот за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка именуваниот нотар во својата одбрана изнесена писмено со поднесокот од 9.10.2019 година и усмено на расправата, меѓу другото, наведува дека доверителот, во конкретнов случај, е Б.Е.Д., а не и нејзиниот брачен другар. Преземањето на службените дејствија се состојат само од тоа доколку со предлогот се доставени веродостојни исправи и докази, и доколку предлогот е допуштен и основан, се издава решение за платен налог. За изземање на нотарот од страна на Стручниот совет на Комората на ден 22.09.2016 година, е усвоено Правно мислење дека не постојат причини за изземање на нотарот, а со одлука на УО на Комората од 30.09.2016 година, е одбиено барањето за изземање на нотарот по истиот основ. Со известувањето на Комората, а по барање на истиот доверител В.С. од С., отфрлено е барањето за поведување на дисциплинска постапка против нотарот. Предметот по приговор изјавен од страна на должникот е доставен до надлежниот суд на натамошно постапување и одлучување.

За доказ е приложена фотокопија на списи на предметот НПН бр. Х/19 и известување бр.03-40/19 од 6.08.2019;

Врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на нотарот и на изведените докази, Дисциплинскиот совет ја утврди следната фактичка состојба :

На ден 8.02.2019 година нотарот донела решение за издавање на нотарски платен налог под НПН бр. X/19, со кој го усвојува предлогот на доверителот Снабдување со топлина Б.Е.Д.– С., а должникот В.С. од С., е задолжена на име главен долг да плати XXX,оо денари со казнена камата и трошоци на постапката. На ден 4.04.2019 година, списи на предметот се доставени до Основниот суд С. 2, на постапување и одлучување по приговорот изјавен од страна на должникот В.с. од С.. Управител на доверителот на Б.Е.Д.С., е лицето М.С. брачен другар на именуваниот нотар.

При ваквото утврдување Дисциплинскиот совет наоѓа дека нотарот, во текот на постапката за издавање на нотарски платен налог, сторила дисциплинска повреда по член 139 став 1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот – „непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа“. При утврдувањето на правната квалификација на сторената дисциплинска повреда, Дисциплинскиот совет се раководи со член 28 став (4) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, според кој доколку одредени прашања во врска со дисциплинска постапка не се регулирани со Законот за нотаријатот и актите на Комората, соодветно се применуваат начелата на казненото право и правилата на кривичната постапка. Тоа значи дека Дисциплинскиот совет, согласно со член 338 став (2) од Законот за кривичната постапка, не е врзан за правната квалификација на дисциплинската повреда дадена во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка. Имено, според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, во конкретниов случај, нотарот има сторено дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, а не и повредата опфатена со член и 140 став (1) алинеја 21) од истиот закон, на која се укажува во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка.

Имено, според членот 81 од Законот за нотаријатот, во постапката за издавање на нотарски платен налог, во недостаток на одредби од овој закон и за иземање, соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка. Тоа значи дека нотарот била должна да води сметка за членот 64 став (1) точка 3) од ЗПП, според кој судија или судија-поротник, во случајов нотарот, не може да ја врши службата ако странката или законскиот застапник или полномошник на странката, помеѓу другото, му е и брачен другар. Во случајов, според утврденото, управител на доверителот Б.Е.Д.е лицето М.С. кој е брачен другар на именуваниот нотар. Тоа значи дека нотарот била должна, согласно со членот 65 став (1) од ЗПП, да прекине секоја работа со предметот, да побара од доверителот да посочи друг надлежен нотар до кого предлогот би бил проследен за постапување, а во спротивно согласно цитираната законска одредба да го извести претседателот на Основниот суд С. 2, кој ќе определи замена, односно ќе одлучи за иземањето. Меѓутоа, нотарот не постапила на наведениот начин туку го издала решението за нотарски платен налог НПН бр. 45/19 од 8.02.2019 година.

При ваквото утврдување Дисциплинскиот совет ја ценеше одбраната на нотарот, при што оцени дека со изнесената одбран всушност не се оспоруваат констатациите на подносителот на Предлогот за поведување на дисицплинска

постапка, туку само појаснуваат причините поради кои е постапено на понапредутврдениот начин.Точно е тоа дека во постапката за издавање на решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа согласно со член 16-а) од Законот за извршување, која по својата содржина е иста со постапката за издавање на нотарски платен налог, причините за изземање на нотарот биле според членот 29 од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ“ бр. 55/07), бидејќи членот 10 од Законот за извршување не упатува на одредби од ЗПП и за изземање на нотарот. Меѓутоа, за разлика од цитираниот член 10 од Законот за извршување, цитираниот член 81 од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ“ бр. 72/16,142/16 и 233/18) упатува на соодветна примена на одредбите од ЗПП и во поглед на изземање на нотарот. Сето тоа, доведено во врска и со мислењата на органите на Нотарската комора, можеби ја довело во заблуда нотарот, но тоа не ја исклучува нејзината одговорност за сторената дисциплинска повреда ако се има предвид дека според членот 3 став 3) од наведениоот закон нотарот нотарската служба ја врши независно, самостојно и стручно врз основа на Уставот и закон.

При одмерување на дисциплинската мерка, Дисциплинскиот совет ги ценеше околностите од член 7 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка кои се од влијание врз видот и висина на казната. При тоа, Дисциплинскиот совет го имаше предвид фактот дека нотарот досега не е дисциплински казнувана, дека поради напред образложените причини погрешно го толкувала законот, како и дека нема доказ дека на должникот е причините штета, ако се има предвид дека со доставениот приговор е побарана судска заштита која го одложува извршувањето на решението НПН бр.Х/19 од 8.02.2019 гдина.

Дисциплинскиот совет очекува дека изречената дисциплинска мерка – јавна опомена, воспитно ќе влијае врз нотарот во иднина да не ја повтори воочената грешка и дека своето работење ќе го усогласи со Законот за нотаријатот, другите закони и подзаконските акти врз основа на кои ја врши нотарската служба.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на решението согласно член 33 став (1) точка 2) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРСМ.

**Претседател на советот,**
**Матилда Бабиќ**

ПРАВНА ПОУКА: против одлуката
може да се изјави жалба во рок од
8 дена по приемот до второстепениот
дисциплински орган;

ДН:
-Нотарот;
-Архивата
-По конечноста – Министерство за правда;